# ПЕЛАГОНСКИ
# КУЛТУРНО – НАУЧНИ СРЕДБИ



Црквата во село Бач
снимила: Николина Василевска, наставничка од с. Бач

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
## 15

НОВАЦИ, 2019

**Издавач**
Пелагонски културно-научни средби
-Новаци, Битолско

**За издавачот**
Ѓорѓи Лазаревски

**Главен и одговорен уредник**
Ѓорѓи Лазаревски

**Редакција**
Ѓорѓи Лазаревски
Проф. д-р Благоја Брајановски
Панде Манојлов
Ристе Котевски
Јован Ѓуровски

**Секретар на редакција**
Трајан Митровски

**Јазична редакција**
Јазичната редакција на текстовите е извршена од самите автори

**Компјутерска обработка**
Ѓорѓи Лазаревски

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3.09(062)(082)
304.2(062)(082)

ПЕЛАГОНСКИ културно-научни средби : зборник на трудови : 15 / [главен и одговорен уредник Ѓорѓи Лазаревски]. - Новаци : Пелагонски културно-научни средби, 2020. - 333 стр. : илустр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон одделни трудови

ISBN 978-608-66193-7-4

а) Македонска книжевност - Собири - Зборници б) Општествени и културни прашања - Собири - Зборници

COBISS.MK-ID 51367685

Печатењето на Зборникот го помогна Министерство за култура на Република Северна Македонија.
Изразуваме голема благодарност.

## СОДРЖИНА

СВЕЧЕН ДЕЛ

**Ѓорѓи ЛАЗАРЕВСКИ** ..............................................................................7

Пригоден збор кон Деветнаесеттата Пелагонска културно-научна средба

**Љубе КУЗМАНОВСКИ** ..............................................................................10

Обраќање кон Деветнаесеттата Пелагонска културно-научна средба

**Проф. д-р Марјан ТАНУШЕВСКИ** ..............................................................................12

Поздравно обраќање

**Проф. д-р Ромина КАБРАНОВА** ..............................................................................13

Живот и дело на проф. д-р Борис Андреја Анакиев

**Панде МАНОЈЛОВ** ..............................................................................21

Добитници на признанието „Златен клас за македонски вознес

КНИЖЕВНИ ЗАПИСИ- КРИТИКА

**Проф. д-р Вера СТОЈЧЕВСКА – АНТИЌ** ..............................................................................27

За мариовското наследство

**Ѓорѓи ЛАЗАРЕВСКИ** ..............................................................................31

Осврт врз романот „Сестра Касијана“ од писателот м-р Добре Тодоровски

**Д-р Весна КАЛПАКОВСКА** ..............................................................................37

Осврт кон романот „Без свест за совест“ од Јован Ѓуровски

**Јован ЃУРОВСКИ** ..............................................................................40

Мајката вистински Бог за човечкиот род

**Петко ШИПИНКАРОВСКИ** ..............................................................................43

Осврт кон книгата „Педагошко-психолошка служба во Битола и битолско“ (1973-2018) од Ѓорѓи Лаза́ревски

**Проф. д-р Златко ЖОГЛЕВ** ..............................................................................47

Научно-истражувачката и публицистичка дејност на Ѓорѓи Лазаревски како траен белег за Битола и Пелагонискиот регион

**Проф. д-р Даниела АНДОНОВСКА – ТРАЈКОВСКА** ..............................................................................62

За научниот пристап во откривањето на книжевноста и за лингвистичките проучувања на демирхисарскиот говор („За отаде и одавде времето“ од Радован П. Цветковски)

**Проф. д-р Гордана СТОЈАНОСКА** ..............................................................................74

Споме сеќавања за Врањевци: од мртва пепел во живо мастило

**Биљана Т. ДИМКО** ..............................................................................80

Живите зборови во поезијата на Радован П. Цветковски

ПОЕЗИЈА


**Панде МАНОЈЛОВ**

Сите сме изгрејсонца ....... **87**
Збор во молкот ....... **88**
Сум бил ....... **89**
Тополи ....... **89**
Убавина ....... **90**
Дожд во Малме ....... **90**
Клименту ....... **92**

**Уте МАРГАРЕТ САИНЕ (САД)**

Има сол ....... **94**
Кревање на завесата ....... **95**

**Лилјана ТОШЕВСКА (Австралија)**

Само три збора ....... **96**
Заминаа ....... **97**
Молитва ....... **97**
Партал топка ....... **98**

**Радован П. ЦВЕТКОВСКИ**

Славејот и моето сеќавање ....... **100**
Присетување на дететвото ....... **100**
Зборовите ....... **101**
Сонот не е јаве ....... **101**
Удолница ....... **102**

**Илче СТОЈАНОВСКИ**

Тајната на тишината ....... **103**
Моќта на тишината ....... **103**
Љубовта и тишината ....... **104**
Токму така ....... **104**
Чекор до тишината ....... **105**

**Рада ВИДИНОВСКА (Канада)**

Крстовор ....... **106**
Август ....... **106**
Бев девојче ....... **107**
Огништето е распалено ....... **107**
Хамилтон ....... **107**

**Николина ЃУРОВСКА**

Болиш ....... **108**
Спомен ....... **109**

**Бранко НАУМОВСКИ (Австралија)**

Букет за тебе ....... **111**
Антиазбука на печалбата ....... **113**

Ѕвездите се мртви ........................................114
Пладневна бесилка ........................................114

ПРОЗНИ ЗАПИСИ

**Светлана БОСИЛКОВА ДАЛЕВСКА** ........................................117
Извадок од романот „Лавица на жица“, Скопје, 2019
**Зорица НАУМОВСКА** ........................................127
Тага и радост
**Никола КОЧОВСКИ** ........................................134
Верен слуга на својот идол

О Б Р А З О В А Н И Е

**Проф. д-р Марија КОТЕВСКА – ДИМОВСКА** ........................................145
**М-р Валентина ДИМОВСКА**
Лидерство на иднината – разлики помеѓу добар менаџер и голем лидер
**Антоанета ПЕТРОВСКА** ........................................155
Прв приватен едукативен центар во Битола
**М-р Симона ЈОВЕСКА** ........................................166
Влијанието на наставникот со посебни потреби врз децата, нивниот развој и погледи кон општеството
**Д-р Дијана ХРИСТОВСКА** ........................................172
**Магдалена САЈКОВА**
Наставникот носител на инклузивното образование

СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ПРИЛОЗИ

**Проф. д-р Трајко ОГНЕНОВСКИ** ........................................181
Семантиката и значењето на поимот молчење
**Проф. д-р Осман КАДРИУ** ........................................191
Морална криза и правна одговорност
**Проф. д-р Бранко ДИМЕСКИ** ........................................211
**Стојан ЃУРОВСКИ**
Невработеноста и миграциите во Република Северна Македонија: Состојби и трендови
**Проф. д-р Јорде ЈАЌИМОВСКИ** ........................................221
Внатрешни миграции и одржлив развој

СТОПАНСТВО

**Проф. д-р Ромина КАБРАНОВА** ........................................233
**Проф. д-р Борис АНАКИЕВ**
Вид и обем на растителната продукција во Општина Новаци

# СОЦИО – ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО СЛИВОТ НА ЦРНА РЕКА

**Цане Котески, Никола В. Димитров, Златко Јаковлев**
**Cane.koteski@ugd.edu.mk, nikola.dimitrov@ugd.edu.mk, zlatko.jakovlev@ugd.edu.mk**
**Унверзитет „Гоце Делчев“, Факултет за Туризам и бизнис логистика – Гевгелија**
**Ул. 7-ми Ноември бб. Гевгелија-2000, Р.С.Македонија**

**Апстракт:**

Демографската структура на населението е значаен показател за динамиката на популацијата. Промените и структурите укажуваат не само на квантитативното обележје туку и на квалитативните карактеристики во поеделните демографски елементи. Деталните анализи и синтетските проучувања на популацијата во сливот на Црна Река ги истакнуваат демографските елементи како значаен фактор во оценувањето на производните сили односно на социо-географските промени. Всушност демографските елементи на одреден начин ги откриваат основите промени врзани за социјалните, економските, етничките и други одлики и промени на популацијата која е основна движечка сила во преобразбата на географската средина. Во научниот труд ќе бидат обработени и презентирани податоците за: бројното движење на населението, населението по пол и старосната структура на населението по општини во сливот на Црна Река.

**Клучни зборови:** Слив на Црна Река, општини, демографска структура, бројно движење, население по пол, старосна структура.

## 1. Население - Демографска структура

### 1.1. Бројно движење на населението

Бројното движење на населението преставува основна демографска компонента, од која произлегуваат бројните промени кај останатите демографски елементи. Под влијание на разни фактори во минатите периоди динамиката на населението покажува позитивни или негативни промени. Сливот на Црна Река зафаќа површина од 5.774.99км$^2$, од кои (4. 869.72км$^2$, и припаѓаат на Република Северна Македонија), и 905.27км$^2$ и припаѓаат на Република Грција. Во сливот на Црна Река вкупно се наоѓаат 390 населби од кои 339 населби це наоѓаат во Република Северна Македонија и 51 населба се наоѓаат на територијата на Република Грција. Динамиката на бројното движење на населението во сливот на Црна Река во Република Северна Македонија во переиодот од 1961 – 2002 година може да се види од податоците дадени во табела 1.

**Табела 1.** *Динамика на населението во сливот на Црна Река во периодот од 1961 – 2002 година по општини во Република Северна Македонија.*

| Општина | Број на населби | Население по пописи | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1961г. | 1971г. | 1981.г. | 1994г. | 2002г. |
| **Битола** | 66 | 111 581 | 124 512 | 137 636 | 100 405 | 98 630 |
| **Градско дел од сливот** | 1 | 574 | 348 | 129 | 77 | 49 |
| **Демир Хисар** | 41 | 17 218 | 15 653 | 14 434 | 10 610 | 9 497 |
| **Долнени** | 37 | 0 | 0 | 0 | 11 705 | 11 583 |
| **Другово дел од сливот** | 3 | 1 164 | 765 | 445 | 231 | 164 |
| **Кавадарци дел од сливот** | 25 | 8 100 | 5 811 | 3 866 | 2 719 | 2 451 |
| **Кривогаштани** | 13 | 0 | 0 | 0 | 8 321 | 6 007 |
| **Крушево** | 19 | 13 367 | 13 015 | 13 286 | 9 821 | 9 684 |
| **Могила** | 23 | 0 | 0 | 0 | 4 954 | 4 536 |
| **Новаци** | 41 | 0 | 0 | 0 | 2 844 | 2 478 |
| **Прилеп** | 59 | 93 216 | 96 446 | 99 770 | 76 166 | 76 768 |
| **Росоман** | 10 | 4 666 | 4 661 | 4 744 | 4 238 | 4 141 |
| **Чашка дел од сливот** | 1 | 303 | 55 | 13 | 2 | 0 |
| **Вкупно** | 339 | 250 189 | 261 266 | 274 323 | 232 093 | 225 988 |

Извор на податоци: СРМ.РЗС. Статистички преглед бр.17: Први пезултати од пописот на населението и становите во 1971г., по населби, Скопје, 1981г.

- СРМ.РЗС.Статистички преглед бр.115: Први резултати од пописот на населението, домаќинствата и становите во 1981г., по општини и населени места, Скопје, 1981г.
- РЗС. Статистички преглед од поисот на населението во 1994г., Скопје, 1996г., Кн.5.
- РМ.ДЗС. Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, дефинитивни податоци 2002г., Скопје, 2003г., Кн.Х.[1]

Според податоците од табела 1., слободно можеме да заклучиме дека вкупниот број на населението во сливот на Црна Река значително се намалува. Во периодот од 1961, 1971 и 1981 година имаме во континуитет зголемување на населението, додека од 1994 до 2002 година бројот на населението се намалува. Бројот на селски населби кои имаат негативен популациски биланс на (раселени населби) на територијата од сливот на Црна Река во Република Северна Македонија во периодот од 1961 – 2002 г., изнесува 32 села. Просторите во Мариово, Раечка Котлина, Церско Поле и високо планинските села се најретко населени простори во сливот на Црна Река, тука имаме огромно демографско празнење, каде најголем дел од населението мигрирало во градовите: Прилеп, Битола,Кавадарци, Кичево, Демир Хисар и Крушево. Доколку продолжи ваквиот процес на мигрирање на населението за неколку години ќе згаснат голем број на селски населби во истражуваниот регион иако се вложува во изградба и подобрување на: патната инфраструктура, ПТТ услугите, водоснабдувањето, уличното осветлување, изградбата на водоводна и канализациона мрежа и др.

[1] Според анализата од табела 1. За бројното движење на населението во сливот на Црна Река општините кои се создадени со последната територијална организација на република Северна македонија денес постојат 84 општини. Така на пример општините Долнени и Кривогаштани порано во пописите од 1961-1981г., беа во состав на ОП. Прилеп, Росоман беше во состав на ОП. Кавадарци, Градско и Чашка во состав на ОП. Тито Велес и Другово во состав на ОП. Кичево, во периодот од 1961-1981г., затоа келиите во табелата се празни.

## 1.2. Население по пол

Од составот на населението по пол зависи каков ќе биде природниот прираст на населението, односно репродукцијата на популацијата. Редок е случајот во една средина да биде ист бројот на машките и женските лица, така што обично преовладува едната или другата категорија на население. Во случај ако се јават големи разлики во бројот меѓу машките и женските лица, тогаш настануваат промени и проблеми во некои други структури на демографската маса, со последици кои се одразуваат врз квалитетните особини на населението. Разлики во бројот меѓу половите можат да настанат во случај кога од една средина доста се иселува машката работна сила, главно од стопанско неразвиените краишта, како што се на пример Мариово, Раец, Цер и високо планинските населби. Во табела 2., дадена е бројната состојба на населението и половата структура на населението во сливот на Црна Река. Да напоменеме дека при составот на табелата земена е последната територијална организација каде нашата земја денес има 84 општини. Според податоците од табела 2., гледаме дека во сите пописни периоди од 1961 – 2002г., бројот на женското население е помал за сметка на машкото население.

**Табела 2.** *Приказ на населението по пол во сливот на Црна Река во Република Северна Македонија во периодот од 1961 – 2002г.*

| Општина | Вк. насе ление | 1961г. | | Вк. нас елени е | 1971г. | | Вк. нас елени е | 1981г. | | Вк. нас елени е | 1994г. | | Вк. нас елени е | 2002г. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | | м | ж | | м | ж | | м | ж | | м | ж |
| **Битола** | 111581 | 56165 | 55416 | 12452 | 63367 | 61145 | 13766 | 70035 | 67601 | 100405 | 49915 | 50490 | 98630 | 42373 | 44035 |
| **Градско дел од сливот** | 574 | 288 | 286 | 348 | 184 | 164 | 129 | 70 | 59 | 77 | 44 | 33 | 49 | 28 | 21 |
| **Демир Хисар** | 17 218 | 8 757 | 8461 | 15653 | 7955 | 7698 | 14434 | 7458 | 6976 | 10610 | 5485 | 5125 | 9497 | 4850 | 4647 |
| **Долнени** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11705 | 6136 | 5569 | 11583 | 6101 | 5482 |
| **Другово дел од сливот** | 1 164 | 560 | 604 | 765 | 374 | 391 | 445 | 218 | 227 | 231 | 108 | 115 | 164 | 82 | 82 |
| **Кавад арци дел од сливот** | 8 100 | 4151 | 3949 | 5811 | 2976 | 2835 | 3866 | 2003 | 1863 | 2719 | 1438 | 1284 | 2451 | 1302 | 1149 |
| **Кривога штани** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8121 | 3259 | 3053 | 6007 | 3160 | 2847 |
| **Крушево** | 13 367 | 6720 | 6647 | 13015 | 6532 | 6483 | 13286 | 6666 | 6600 | 9821 | 4929 | 4892 | 9684 | 4918 | 4766 |
| **Могила** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4954 | 2640 | 2314 | 4536 | 2403 | 2133 |
| **Новаци** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2844 | 1479 | 1365 | 2478 | 1292 | 1186 |
| **Прилеп** | 93 216 | 47102 | 46114 | 96446 | 48906 | 47540 | 99770 | 50724 | 49046 | 76166 | 38390 | 37776 | 76768 | 38525 | 38243 |
| **Росоман** | 4 666 | 2414 | 2252 | 4661 | 2376 | 2285 | 4744 | 2455 | 2289 | 4238 | 2220 | 2018 | 4141 | 2150 | 1991 |
| **Чашка дел од сливот** | 303 | 164 | 139 | 55 | 32 | 23 | 13 | 7 | 6 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | 250 189 | 126321 | 123868 | 261266 | 132702 | 128564 | 274323 | 139636 | 134667 | 232093 | 116044 | 114035 | 225988 | 107184 | 106382 |

Извор на податоци: - РЗС. Статистички билтен бр.250: Основне структуре према полустановништво и домаќинства у 1961г., Београд, 1962.

- РЗС.Становништво према полуи старости по срезовима и општинама у 1971г., Београд, 1973г.,Кн.VIII-I
деo.- РЗС.

- Статистички преглед бр. 131: некои податоци за населението, домаќинствата и становите по општини и
месни заедници во 1981г., конечни податоци, Скопје, 1983г.

- РЗС. Статистички преглед од пописот на населението во 1994г., Скопје, 1996г., Кн.5.

- РЗС. Население по пол и возраст по населби од пописот на населението во 2002г., Скопје, 2008г.,
К.н.11.

## 1.3. Староснa структура на населението

Староснатa структура има важна улога во развојот на стопанството и полјоделството. За да можеме да го планираме развојот на стопанството мора да ја земеме во обзир старосната структура на населението. Различните општествено економски услови кои постоеле во минатиот период и денес покажуваат големи

промени во нејзиниот развој. Населението во сливот на Црна Река можеме да го поделиме како: младо, од 0-19 години, зрело од 20-59 години, старо население 60 и повеќе години и непознато население.

**Табела 3.** *Приказ на старосната структура на населението во сливот на Црна Река за годините 1961 и 2002 година во Република Северна Македонија.*

| Општина | 1961г. | | | | 2002г. | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0-19г. | 20-59г. | 60 и повеќе години | Непознато | 0-19г. | 20-59г. | 60 и повеќе години | Непознато |
| Битола | 48 640 | 44 055 | 9 734 | 99 | 24 348 | 54 450 | 19 707 | 38 |
| Градско дел од сливот | 271 | 230 | 73 | 0 | 4 | 8 | 37 | 0 |
| Демир Хисар | 6 911 | 8 741 | 1 542 | 24 | 2 018 | 45 409 | 2 682 | 5 |
| Долнени | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 588 | 5 635 | 2 338 | 22 |
| Другово дел од сливот | 429 | 583 | 146 | 6 | 10 | 49 | 105 | 0 |
| Кавадарци дел од сливот | 3 814 | 3 578 | 724 | 2 | 566 | 1 290 | 602 | 1 |
| Кривогаштани | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 472 | 3 050 | 1 481 | 4 |
| Крушево | 5 997 | 6 148 | 1 206 | 16 | 2 660 | 5 111 | 1 906 | 7 |
| Могила | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 056 | 2 246 | 1 229 | 5 |
| Новаци | 0 | 0 | 0 | 0 | 578 | 1 280 | 620 | 0 |
| Прилеп | 42 385 | 42 677 | 8 114 | 90 | 19 561 | 43 180 | 14 738 | 16 |
| Росоман | 2 228 | 2 062 | 365 | 11 | 1 030 | 2 296 | 813 | 2 |
| Чашка дел од сливот | 148 | 134 | 21 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 110 823 | 108 208 | 21 925 | 248 | 56 891 | 164 004 | 46 258 | 100 |

Извор на податоци: - За село мајден нема податоци во пописот од 1961г.

- РЗС.СРМ. становништво по полу и старост у 1961г., Београд, 1965г., Кн.XI.
- РЗС. Население по пол и возраст од пописот во 2002г., Скопје, 2008г., Кн.XI.
- Пресметувањата се од авторите.

Според податоците од табела 3., во 1961г., преовладува младата популација како најбројна, додека во 2002 година преовладува контигентот на работноспособно население од 20-59 години. Исто така постојат области во сливот на Црна Река каде преовладува старото население и постојат регионални разлики, како на пример во Демир Хисарско, Церско Поле, Мариово и Чашка. Загрижувачки е процесот на прелевање на младото население во зрело и старо население, така што во пописната 2002 година младото население бележи намалување скјоро за 50%.

**Карта 1.** Приказ на динамиката на населението по населби во сливот на Црна Река во Република Северна Македонија.



**Карта 2.** *Приказ на бројното движење на домаќинствата по населби во сливот на Црна Река во Република Северна Македонија.*



## Заклучок

Според добиените податоци констатираме дека динамиката на населението е негативна во сите општини кои се наоѓаат во сливот на Црна Река во периодот од 1961-2002г., т.е се намалува;

Според добиените податоци за населението по пол во сливот на Црна Река по пописни периоди во 1961, 1971, 1981, 1994 и 2002г., преовладувало машкото над женскотонаселение;

Според добиените податоци за старосната структура на населението во сливот на Црна Река во 1961г., преовладува младото население со групата од 0-19 г., следат групата од 20-59г., 60 и повеќе години и непознато население,

Според добиените податоци за старосната структура на населението во сливот на Црна Река во 2002г., преовладува старосната категорија од 20-59г., па следат старосните групи од 0-19г., 60 и повеќе години и непознато население;

Загрижувачки е фактот дека младото население во сливот на Црна Река се намалило за 50%.

**БЛАГОДАРНОСТ:**

Овој научен труд е финансиран од истражувачкиот проект, "Можности и перспективи за развој на туризмот во сливот на Црна Река" финансиран од Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип, Македонија (Договор бр. 0206-151 / 16, 0201-545 / 9 и 0307 -98/77 од 01.11.2017 година) и Одлуката на Сенатот бр. 0201-922 / 30 од 21 ноември 2018 година.

**Литература:**

1. Котески, Ц.(2004). Магистерски труд во ракопис, „Тематски атлас на Мариовска и Раечка Котлина“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, ПМФ – Скопје, Институт за Географија;
2. Котески, Ц.(2010). Докторска дисертација, „Сливот на Црна Река – Географско картографско моделирање, диференцијација и функционален развој на одделните регионални целини, „ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, ПМФ – Скопје, Институт за Географија;
3. Димитров, Н., Котески, Ц.(2015). Туристичка географија, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип;
4. Котески, Ц., Димитров, В. Н.(2019). Национална туристричка географија, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип.